АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 03.09.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5274 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - **Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1)**

3. **Период опфатен со надзорот:** 6 август 2015 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 2 септември 2015 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

   - **Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни дневно да емитуваат најмалку 12 часа програма на телевизија);

   - **Член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (јавниот радиодифузен сервис е обврзан дневно да емитува најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници кои живеат во Република Македонија, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот);

   - **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:**
   *На 23 февруари 2015 година, за непочитување на член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр. 03-473,*

*23.02.2015 година) на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1).*

*Со изречената мерка, и наложи на МРТ1 во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

*Со контролниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 30 март 2015 година, констатирано е дека субјектот на надзорот* ***во целост постапил по решението****, односно ја отстранил извршената повреда на член 92 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот надзор врз Првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), емитуван на 6 август 2015 година, **е констатирано прекршување на член 92 ставови 2 и 14 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (најмалку 50% изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 6 август 2015 година, МРТ1, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, емитуваше 8 часа 1 минута и 14 секунди изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, што е **38.41%** од вкупно емитуваната програма во текот на денот што влегува во пресметка за изворно создадена програма (20 часа 52 минути и 53 секунди). Законскиот минимум од 50% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 6 август што влегува во пресметка за изворно создадена програма (20:52:53), е 10 часа 26 минути и 27 секунди. МРТ1, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје, емитувала за 2 часа 25 минути и 13 секунди помалку изворна програма од тоа време.

Во периодот од 07:00 до 19:00 часот, исто така, не емитуваше најмалку половина од законски утврдениот минимум од 50% изворно создадена програма во РМ на македонски јазик. Половина од законскиот минимум (од 10:26:27) изнесува 5 часа 13 минути и 13 секунди изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на МРТ1, **во периодот од 07:00 до 19:00 часот**. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, **емитувани се 3 часа 57 минути и 10 секунди** изворно создадена програма во РМ на македонски јазик, што во оваа ситуација е за 1 час 16 минути и 3 секунди помалку од потребниот минимум.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 ставови 2 и 14 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, првиот телевизиски програмски сервис на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1), на 6 август 2015 година, не емитуваше најмалку 50%

изворно создадена програма во Република Македонија на македонски јазик, ниту пак половина од неа ја емитуваше во периодот од 7,00 до 19,00 часот.

9. **Предлог мерка:**

И покрај решението за изрекување мерка опомена донесено на 23 февруари 2015 година, Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје - Македонска телевизија - Прв програмски сервис (МРТ1) не ја отстранило повредата, односно продолжило со вршење на истата повреда на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во текот на годината.

Оттаму:

- Директорот на Агенцијата да поднесе барање за поведување прекршочна постапка

***Сектор за програмски работи***